**20250160400**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2025 година.

Бр. 08-314/1
17 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20) во член 3 во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам”.

Во ставот 5 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 6 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Член 2

Во член 8 во ставот 2 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам”.

Член 3

Во член 9 во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам”.

Член 4

Во член 25 во ставот 3 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 4 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам”.

Во ставот 5 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам”.

Член 5

Во член 26 во ставот 3 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 5 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Во ставот 6 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 6

Во член 28 во ставот 2 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам”.

Член 7

Во член 30 во ставот 2 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам”.

Во ставот 4 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам”, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Во ставот 5 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам”.

Член 8

Во член 30-а во ставот 1 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 9

Во член 33-в во ставот 2 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 10

Во член 43 во ставот 2 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 11

Во член 44 во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Во ставот 5 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам".

Член 12

Во член 45-в во ставот 2 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 13

Во член 48 во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Во ставот 5 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам".

Член 14

Во член 48-а во ставот 3 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 15

Во член 48-в во ставот 2 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам".

Член 16

Во член 55 во ставот 5 зборовите: „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за култура и туризам".

Член 17

Во член 57 во ставот 1 зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 2 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „министерот за култура и туризам”.

Член 18

Во член 58 во ставот 1 зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 3 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Член 19

Член 59 се менува и гласи:

„Работите од инспекцискиот надзор ги врши Државен пазарен инспекторат согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и Законот за Државен пазарен инспекторат.”.

Член 20

Во член 61 во ставот 2 зборот „економијата“ се заменува со зборовите: „економијата и трудот“.

Во ставот 9 зборот „економијата“ се заменува со зборовите: „економијата и трудот“.

Член 21

Во член 64 во ставот 2 зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 3 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 5 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Во ставот 6 зборовите: „Органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам”.

Член 22

Член 66-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 67, 68, 70, 71 и 71-в прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.”.

Член 23

Во член 67 во ставот 5 зборовите: „Прекршочна комисија” се заменуваат со зборовите: „надлежен суд”.

Во ставот 9 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „економија и труд“.

Член 24

Во член 71-а во ставот 10 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „економија и труд“.

Член 25

Во член 71-в во ставот 1 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам".

Член 26

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" .